Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за реконструкција и санација на основните училишта на Општина Центар-Скопје за 2022 година**

Се објавува Програмата за реконструкција и санација на основните училишта на Општина Центар-Скопје за 2022 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на третата седница, одржана на 17.12.2021 година.

Бр. 09-6333/17
17.12.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.1/06 и 12/05), Советот на Општина Центар-Скопје на третата седница, одржана на 17.12. 2021 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА
# на Општина Центар-Скопје за 2022 година

## ПРОГРАМА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**Со Програмата се уредуваат:**

**I. Изворите за финансирање на Програмата**
**II. Трошоците за реконструкција и санација на основните училишта**
**III. Преодните и завршните одредби**

## I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за реконструкција и санација на основните училишта за 2022 година се финансира од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2022 година.

## II. ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## - Потпрограма Образование/основни училишта (капитални расходи) -

| N | | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | Планирано |
|---|---|---|---|
| | NA0 | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 5.100.000,00 |
| | 481230 | Реконструкција на основните училишта | 5.000.000,00 |
| | | Санација на интервентните зафати за градежни работи и инфраструктурната мрежа по потреба во сите основни училишта на територија на Општина Центар | 2022 |
| | | Испитување на громобранските инсталации во сите основни училишта на територија на Општина Центар | 2022 |
| | | **ООУ „Коле Неделковски“** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на предниот и на задниот двор | 2022 |
| | | Санација на оградите во училишниот двор | 2022 |
| | | **ООУ „Ј.Х.Песталоци“** | |
| | | Реконструкција на дел од покривот на училиштето | 2022 |
| | | Замена на фасадната столарија на училиштето | 2022 |
| | | Реконструкција на тоалетите во анкесот на училиштето | 2022 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на училишниот двор | 2022 |
| | | Санација на заштитните огради во училишниот двор | 2022 |
| | | **ООУ „Кочо Рацин“** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на училишниот двор | 2022 |
| | | Реконструкција на игралиштето на училиштето | 2022 |
| | | Молерофарбарски работи во училиштето | 2022 |
| | | **ООУ „11 Октомври“** | |
| | | Замена на столарија - врати во училиштето | 2022 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната канализација во дел од училишниот двор | 2022 |
| | | Санација на дел од објектот на училиштето | 2022 |
| | | Санација на дел од подовите во училниците и во кабинетите во училиштето | 2022 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Реконструкција на електричните инсталации во кујната | 2022 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување во училиштето | 2022 |
| | | **ООУ „Св. Кирил и Методиј“** | |
| | | Санација и реконструкција на дел од објектот на училиштето | 2022 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на училишниот двор | 2022 |
| | | Реконструкција на атмосферската мрежа во училишниот двор | 2022 |
| | | Замена на портата на службениот влез | 2022 |
| | | Санација на тоалетите (казанчиња) во училиштето | 2022 |
| | | **ООУ „Димитар Миладинов“** | |
| | | Реконструкција на подот во училиштето | 2022 |
| | | Санација на хидрантите и на водоводната мрежа (замена на вентили) во училиштето | 2022 |
| | | Санација на фекалната канализација во тоалетите во училиштето | 2022 |
| | | Уредување на задниот дел од дворот и на паркинг-просторот | 2022 |
| | | **ООУ „Гоце Делчев“** | |
| | - | Поставување сончеви колектори во ООУ | 2022 |
| | - | Изведба на заштитни решетки, натстрешница, игралиште за кошарка и подвижна врата за потребите на ООУ | 2022 |
| | - | Реконструкција на детски игралишта во основните училишта по потреба | 2022 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2022 |
| | - | Санација на интервентни зафати по потреба во ООУ | 2022 |
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост во ООУ | 2022 |
| | - | Изведба на слободни училишни коридори за основните училишта на територија на Општина Центар | 2022 |
| | **482940** | **Надзор над изградба** | **100.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкција на основните училишта | 2022 |

ТРОШОЦИТЕ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:

I. N-ОБРАЗОВАНИЕ-ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
   5.100.000,00 денари

**III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

-Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6333/16
17.12.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.